Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ДАНОЧЕН БИЛАНС
## за оданочување со данок за солидарност

**ДБ-ДС**

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |
| Статусна промена | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |
| Рок за поднесување | |
| Исправка на „ДБ-ДС“ | Број |

**Износ на остварен вкупен приход во 2022 година**

## А. ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЧНА ОСНОВА ЗА ДАНОК ЗА СОЛИДАРНОСТ ПО ОБРАЗЕЦ „ДБ“ ЗА 2022 ГОДИНА

| | | АОП | *"без дени"* |
|---|---|---|---|
| 1 | Износ на даночна основа по намалување утврдена во: | | |
| | • образец „ДБ“ за 2018 година (АОП 37) | 01 | |
| | • образец „ДБ“ за 2019 година (АОП 49) | 02 | |
| | • образец „ДБ“ за 2021 година (АОП 49) | 03 | |
| | • образец „ДБ“ за 2022 година (АОП 49) | 04 | |
| 2 | Просечен износ на даночна основа по намалување за претходен даночен период: **(АОП 01+АОП 02+АОП 03)÷ со број на претходни даночни периоди** | 05 | |
| 3 | Даночна основа за данок за солидарност **АОП 04- (АОП 05 x 120%)** **За обврзник со статусна промена АОП 04- (АОП 05 x130%)** | 06 | |
| 4 | Даночна стапка за данок за солидарност | 07 | 30% |
| 5 | Износ на пресметан данок за солидарност **(АОП 06×АОП 07)** | 08 | |

## Б. ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЧНА ОСНОВА ЗА ДАНОК ЗА СОЛИДАРНОСТ ПО ОБРАЗЕЦ „ДБ“ ЗА 2021 И 2022 ГОДИНА

| | | АОП | |
|---|---|---|---|
| 1 | Износ на даночна основа по намалување утврдена во: | | |
| | • образец „ДБ“ за 2017 година (АОП 37) | 09 | |
| | • образец „ДБ“ за 2018 година (АОП 37) | 10 | |
| | • образец „ДБ“ за 2019 година (АОП 49) | 11 | |
| | • образец „ДБ“ за 2021 година (АОП 49) | 12 | |
| | • образец „ДБ“ за 2022 година (АОП 49) | 13 | |
| 2 | Просечен износ на даночна основа по намалување за претходен даночен период: **(АОП 09+ АОП 10+АОП 11) ÷ со број на претходни даночни периоди** | 14 | |
| 3 | Просечен износ на даночна основа по намалување за 2021 и 2022 година **(АОП 12+АОП 13) ÷2** | 15 | |
| 4 | Даночна основа за данок за солидарност **АОП 15 - (АОП 14 x 120%)** **За обврзник со статусна промена АОП 15 - (АОП 14 x 130%)** | 16 | |
| 5 | Даночна стапка за данок за солидарност | 17 | 30% |
| 6 | Износ на пресметан данок за солидарност **(АОП 16×АОП 17)** | 18 | |

## В. УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК ЗА СОЛИДАРНОСТ ЗА ПЛАЌАЊЕ

| | | АОП | |
|---|---|---|---|
| 1 | Износ на данок за солидарност за плаќање **(АОП 08 или АОП 18)** | 19 | |

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

**ДБ-ДС**

Согласно Законот за данок за солидарност, обврзник за плаќање на данок за солидарност е обврзникот на данокот на добивка согласно Законот за данокот на добивка, кој во 2022 година остварил вкупен приход поголем од 615.000.000 денари. Даночната основа за пресметување на данокот за солидарност претставува позитивната разлика помеѓу износот на даночната основа по намалување утврден во даночниот биланс за оданочување на добивката на АОП 49 за 2022 година или просечниот износ на даночната основа по намалување за 2021 и 2022 година и просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди зголемен за 20%. Во случај на статусни промени се применува процент на зголемување на просечниот износ на даночната основа за претходните даночни периоди од 30%. Овие обврзници, на претходно спомената основа плаќаат данок за солидарност во 2023 година по стапка од 30%. Данокот за солидарност се утврдува врз основа на образец „ДБ-ДС - Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност" што се доставува до Управата за јавни приходи преку http://etax.ujp.gov.mk најдоцна до 25 септември 2023 година. Плаќањето на данокот на солидарност се врши во рок од 30 дена од истекот на рокот на неговото поднесување. При пополнување на образецот „ДБ-ДС", податоците внесете ги читливо и целосно, во точно означените полиња. Се пополнуваат сите полиња од образецот, освен полињата што ги пополнува УЈП. Износите се искажуваат во денари, без дени.

Во образецот задолжително се внесуваат податоците за:
- **Единствен даночен број (ЕДБ)** - се впишува Единствен даночен број.
- **Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт -** се впишува скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт.
- **Телефон** - се впишува телефон.
- **е-Пошта** - се впишува е-пошта.
- **Статусна промена** - полето се означува доколку даночниот обврзник имал статусна промена.
- **Рок за поднесување** - се впишува рокот за поднесување.
- **Исправка на „ДБ-ДС" -** се означува со „Х" доколку даночниот обврзник поднесе корегиран Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност образец „ДБ-ДС".
- **Број** - се впишува архивскиот број на „ДБ-ДС" за која се врши исправка.

**Износ на остварен вкупен приход во 2022 година** - се искажува износот на остварениот вкупен приход во 2022 година

**А. ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЧНА ОСНОВА ЗА ДАНОК ЗА СОЛИДАРНОСТ ПО „ОБРАЗЕЦ ДБ" ЗА 2022 ГОДИНА**

1. **Износ на даночна основа по намалување утврдена во**
   - **образец „ДБ" за 2018 година (АОП 37) - се искажува податок од АОП 37 од образец „ДБ" за 2018 година**
   - **образец „ДБ" за 2019 година (АОП 49) - се искажува податок од АОП 49 од образец „ДБ" за 2019 година**
   - **образец „ДБ" за 2021 година (АОП 49) - се искажува податок од АОП 49 од образец „ДБ" за 2021 година**
   - **образец „ДБ" за 2022 година (АОП 49) - се искажува податок од АОП 49 од образец „ДБ" за 2022 година**
2. **Просечен износ на даночна основа по намалување за претходен даночен период**:
   **(АОП 01+АОП 02+АОП 03)÷ со бројот на претходни даночни периоди**
   Просечниот износ на даночна основа по намалување за претходните периоди се пресметува како збир од износот на даночните основи по намалување за претходните периоди (2018, 2019 и 2021 година) поделен со бројот на периоди во кои даночниот обврзник вршел дејност . Кога износот на даночната основа по намалување утврден во некој од даночните биланси за оданочување на добивката во претходните периоди е еднаков на нула, како и бројот на периоди за кои е утврден таков износ, нема да се земат во предвид при пресметувањето на просечниот износ на даночна основа по намалување за претходните периоди.
   Во случај даночниот обврзник да вршел дејност во претходен период пократко од 12 месеци, пресметката на даночната основа по намалување за тој период ќе се врши на годишно ниво, на начин што износот на даночната основа по намалување се дели со бројот на месеците во кои даночниот обврзник вршел дејност и се множи со бројот 12.
3. **Даночна основа за данок за солидарност АОП 04 - (АОП 05 x 120%)** - Даночната основа за данокот за солидарност се пресметува на начин што од износот на даночната основа по намалување утврдена во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2022 година, се одзема просечниот износ на даночна основа по намалување утврдена во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди зголемен за 20%.
   **За обврзник со статусна промена АОП 04 - (АОП 05 x 130%)** - Во случај на статусна промена, при утврдување на даночната основа за пресметување на данокот за солидарност, просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди се зголемува за 30%.
4. **Даночна стапка за данок за солидарност (30%)** - Пропишана стапка согласно член 7 од Законот за данок за солидарност.
5. **Износ на пресметан данок за солидарност (АОП 06×АОП 07)** - Се внесува износ на пресметан данок на солидарност.

**Б. ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЧНА ОСНОВА ЗА ДАНОК ЗА СОЛИДАРНОСТ ЗА ДАНОЧНА ОСНОВА ПО НАМАЛУВАЊЕ ВО „ОБРАЗЕЦ ДБ" ЗА 2021 И 2022 ГОДИНА**

1. **Износ на даночна основа по намалување утврдена во:**
   - **образец „ДБ" за 2017 година (АОП 37) - се искажува податок од АОП 37 од образец „ДБ" за 2017 година**
   - **образец „ДБ" за 2018 година (АОП 37) - се искажува податок од АОП 37 од образец „ДБ" за 2018 година**
   - **образец „ДБ" за 2019 година (АОП 49) - се искажува податок од АОП 49 од образец „ДБ" за 2019 година**
   - **образец „ДБ" за 2021 година (АОП 49) - се искажува податок од АОП 49 од образец „ДБ" за 2021 година**
   - **образец „ДБ" за 2022 година (АОП 49) - се искажува податок од АОП 49 од образец „ДБ" за 2022 година**
2. **Просечен износ на даночна основа по намалување за претходен даночен период:**
   **(АОП 09+ АОП 10+АОП 11) ÷ со бројот на претходни даночни периоди**
   Просечниот износ на даночна основа по намалување за претходните периоди се пресметува како збир од износот на даночните основи по намалување за претходните периоди (2017, 2018 и 2019 година) поделен со бројот на периоди во кои даночниот обврзник вршел дејност. Кога износот на даночната основа по намалување утврден во некој од даночните биланси за оданочување на добивката во претходните периоди е еднаков на нула, како и бројот на периоди за кои е утврден таков износ, нема да се земат во предвид при пресметувањето на просечниот износ на даночна основа по намалување за претходните периоди.
   Во случај даночниот обврзник да вршел дејност во претходен период пократко од 12 месеци, пресметката на даночната основа по намалување за тој период ќе се врши на годишно ниво, на начин што износот на даночната основа по намалување се дели со бројот на месеците во кои даночниот обврзник вршел дејност и се множи со бројот 12.
3. **Просечен износ на даночна основа по намалување за 2021 и 2022 година**
   **(АОП 12+АОП 13) ÷2**
   Просечен износ на даночна основа по намалување за 2021 и 2022 година согласно член 6 став 2 од Законот за данок за солидарност.
4. **Даночна основа за данок за солидарност**
   **АОП 15- (АОП 14 x 120%)** - Даночната основа за данокот за солидарност се пресметува на начин што од износот на даночната основа по намалување утврдена во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2021 и 2022 година, се одзема просечниот износ на даночна основа по намалување утврдена во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди зголемен за 20%.
   **За обврзник со статусна промена АОП 15 - (АОП 14x 130%)** - Во случај на статусна промена, при утврдување на даночната основа за пресметување на данокот за солидарност, просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди се зголемува за 30%.
5. **Даночна стапка за данок за солидарност (30%)** - Пропишана стапка согласно член 7 од Законот за данок за солидарност.
6. **Износ на пресметан данок за солидарност (АОП 16×АОП 17)** - Се внесува износ на пресметан данок на солидарност.

**В. УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК ЗА СОЛИДАРНОСТ ЗА ПЛАЌАЊЕ**

1. **Износ на данок за солидарност за плаќање АОП 19** - Се внесува износот од АОП 08 или АОП 18

**Податоци за составувачот и потписникот**

Се пополнуваат податоците за потписникот и составувачот на образецот



* *Образецот е објавен во „Службен весник на РСМ", бр. 200/2023 и важи од 25.09.2023 година*